Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2631/2
25.04. 2024 год.
СКОПЈЕ

С Т А Т У Т

на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

(Пречистен текст)

Врз основа на Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, усвоена од собрание на РЕПЛЕК АД Скопје на 26.04.2023 год., под ОДУ бр.700/2023, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, на состанокот одржан на ден 02.05.2023 год., го утврди пречистениот текст на статутот на РЕПЛЕК АД Скопје во кој текст се опфаќа: Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје усвоен на седницата на собранието на 14.12.1998 година, бр. 02-2701/2, Одлуката за измена на статутот од 20.12.2001 година бр.01-3630, Одлуката за измена на Статутот усвоена од собранието одржано на 21.12.2002 година, под бр.02-2925/4, Одлуката за измена и дополнување на статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, усвоена од Собранието на 10.05.2005 година, под Оду.бр.248, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, усвоена од Собранието на 08.04.2020 година бр.02-1190/1 и Оду.бр.583/2020, Одлуката за измена на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, усвоена од Собранието на 26.04.2023 година бр.02-2585/1 и ОДУ бр. 700/2023 и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, усвоена од Собранието на 25.04.2024 година бр.**02-2631/1 и ОДУ бр.**

С Т А Т У Т

на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје
(Пречистен текст)

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Акционерското Друштво за медицинско снабдување на големо и мало увоз-извоз 'РЕПЛЕК-МАКЕДОНИЈА" Ц.О. Скопје (во натамошен текст: Друштво), настана со Одлуката за организирање на општественото претпријатие "Реплек-Македонија" Скопје, во акционерско друштво во мешовита сопственост, бр.02-3583 од 30.07.1991 година и Одлуката за издавање интерни акции бр.02-3584 од 30.07.1991 година, врз основа на кои одлуки друштвото е запишано во судскиот регистер во Окружниот стопански суд во Скопје со решение Срег.Бр.4724/91.

Член 2

Друштвото спроведе трансформација на остатокот на општес-твениот капитал согласно Одлуката за начинот на довршување на трансформацијата (приватизацијата) на општествениот капитал во АД "Реплек-Македонија" Скопје, бр. 02-1584 од 27.06.1995 година, со примена на моделот продажба на претпријатието на лица кои го превземаат управувањето со претпријатието.

Член 3

Со донесувањето на овој статут, друштвото врши усогласување на статутот согласно Одлуката за начинот на довршувањето на трансформацијата (приватизацијата) на општтествениот капитал во АД "Реплек-Македонија" Скопје и Законот за трговските друштва, врши усогласување и промена на називот на фирмата и адресата на друштвото и врши усогласување по законот и Одлуката за утврдување на националната класификација на дејностите, со тоа продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

Член 4

Акционерското друштво кое врз основа на овој Статут е запишано во трговскиот регистар е единствен правен наследник на Акционерското друштво за медицинско снабдување на големо и мало увоз-извоз "Реплек-Македонија" ц.о. - Скопје кое беше

·запишано во судскиот регистар.

Член 5

Друштвото продолжува да работи на неопределено време и може да престане со работа само под условите и на начинот утврдени со закон и овој статут.
Друштвото врши трговска дејност предвидена со овој статут.

Член 6

Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон и овој статут .

II ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 7

Фирмата на друштвото гласи:
Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Скратен назив на фирмата на друштвото гласи:
РЕПЛЕК АД Скопје

Во правниот промет со странство фирмата гласи:
REPLEK AD Skopje

Член 8

Друштвото има заштитен знак (амблем).
Заштитниот знак на друштвото и неговата употреба ја определува Управниот одбор на друштвото .

Член 9

Друштвото има:
- печат во кружна форма за употреба во земјата и на него е испишан со кирилско писмо текстот на фирмата;
- печат во кружна форма за употреба во деловните односи со странство и на него е испишан со латинично писмо текстот на фирмата; и
- штембил во правоаголна форма и на него е испишан текстот на скратената фирма, со простор за впишување на бројот и на датата на заверување на актот.
Со печатот и штембилот ракува овластено лице.
Поблиски одредби во врска со печатот и штембилот, содржината, бројот и начинот на употребата, евиденцијата, нивното уништување, се утврдува со одлука донесена од Управниот одбор.

Член 10

Седиштето на друштвото е во Скопје, на ул."Козле" бр.188

Член 11

За промена на фирмата и седиште на друштвото одлучува Собранието на друштвото по предлог на Управниот одбор.
Со одлуката за промена на фирмата и седиштето на друштвото истовремено се одлучува за новото име под кое друштвото ќе работи и за новото седиште на друштвото.
Направените промени се запишуваат во Трговскиот регистар.

III ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО"

Член 12

Основна дејност е:
51.46 - Трговија на големо со фармацевтски производи

Предмет на работењето на друштвото се следните дејности од националната класификација на дејностите:

45.Градежништво
45.3Инсталатерски работи
45.4Завршни работи

50Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива
50.1Продажба на моторни возила
50.2Одржување и поправка на моторни возила
50.3Продажба на делови и прибор за моторни возила
50.4Продажба, одржување и поправка на мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли

51.Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли
51.1Трговија на големо со надомест или на договорна основа
51.2Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни
51.3Трговија на големо со храна, пијалоци и тутун (освен 51.38 - трговија на големо со друга храна, вклучувајќи и риба, љушпари и мекотелци)
51.4Трговија на големо со предмети за домакинствата
51.5 Трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци, освен земјоделски
51.6Трговија на големо со машини, опрема и уреди
51.7Друга трговија на големо

52.Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и домакинствата
52.1Трговија на мало во неспецијализирани продавници
52.2Трговија на мало со храна, пијалоци и тутун во специјализирани продавници.
52.3Трговија на мало со фармацевтски, медицински, козметички и тоалетни препарати (освен 52.31 - аптеки и 52.32 - Трговија на мало со медицински препарати и ортопедски помагала
52.4Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници
52.5Трговија на мало со половна стока во продавници
52.6Трговија на мало вон продавници
52.7Поправка на предмети за лична употреба и за домакинствата

55.Хотели и ресторани
55.1Хотели
55.2Кампови и друг вид сместување за покус престој
55.3Угостителски објекти за исхрана
55.4Барови
55.5Кантини и кетринг

60.Копнен сообраќај, целоводен транспорт
60.2Друг копнен сообраќај

63.Придружни и помошни активности во сообраќајот активности на патничките агенции
63.1Претовар на товар и складирање
63.2Други придружни активности во сообраќајот
63.3Дејност на патничките агенции и туроператори: дејности што се однесуваат на укажување помош на туристи, некласифицирани на друго место
63.4Активности на други посредици во сообраќајот

65.Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови
65.1Монетарно посредување (освен 65.11 - Централна банка, 65.12 - Друго монетарно посредување, 65.12/1 - Банки, 65.12/2 - Штедилници и 65.12/4 - Инвестициони фондови)

70Активности во врска на недвижен имот
70.1Активности во врска на недвижен имот во своја сопственост
70.2 Издавање на сопствен недвижен имот
70.3Активности во врска со недвижен имот, со хонорар или врз база на договор

71 Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата
71.1 Изнајмување на автомобили
71.2 Изнајмување на други сообраќајни средства (освен 71.22 - Изнајмување на водени сообраќајни средства и 71.23 - Изнајмување на воздушни сообраќајни средства)
71.3 Изнајмување на други машини и опрема

72 Компјутерски и сродни активности
72.1Консултации во врска со хардвер
72.2Консултации и понуда на софтвер
72.3Обработка на податоци
72.4Бази на податоци
72.6Други компјутерски активности

74.Други деловни активности
74.1Правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите; консултански активности во врска со данокот; испитување на пазарот и јавното мислење; деловни и менаџмент консултантски активности; холдинг (освен 74.11 - правни работи, и 74.13 - истражување на пазарот и јавното мнение)
74.2Архитектонски и инжинерски активности и соодветни технички услуги
74.8Разновидни деловни активности, неспомнати на друго место

93.Други услужни дејности
93.0Други услужни активности

18Производство на предмети за облека: доработка и боење на крзно
18.2Производство на други предмети и прибори за облека

20.Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетачки материјал

20.5 Производство на други производи од дрво, производство на предмети од плута, слама и плетачки материјал

24.Производство на хемикалии и хемиски производи
24.5Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање, парфеми и тоалетни препарати

36.Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место
36.1Производство на мебел
36.4Производство на предмети за спортски потреби
36.5 Производство на игри и играчки
36.6Друго производство на разновидни предмети, неспомнати на друго место

Предмет на работење во надворешен промет
- Надворешна трговија со прехрамбени производи
- Надворешна трговија со непрехрамбени производи
- Меѓународен транспорт на стоки и патници
- Меѓународна шпедиција
- Застапување и посредување во прометот со стоки и услуги
- Услуги на складирање на стоки
- Продажба на стоки од консигнациони складови на странски стоки
- Реекспорт"

Друштвото може да врши дејности од предметот на работењето надвор од седиштето на Друштвото преку подружници.
Основање и престанување на подружницата на Друштвото се врши со донесување на одлука од Управниот одбор а по претходно одобрение од Надзорниот орган.
Организирањето и бришењето на подружницата се забележува во регистарската влошка во којашто е запишано Друштвото".

Член 13

Друштвото може без упис во Трговскиот регистар да врши други дејности коишто се потребни за неговото постоење и за вршење на работите од предметот на работење, но коишто не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работењето.

IV ИЗНОС НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА, НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА АКЦИИТЕ И ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 14

Основната главнина на друштвото изнесува 14.577.926 ЕВРА.
Основната главнина на друштвото книговодствено се води во денари според средниот курс на 1 ЕВРО/Ден. утврден од Народната Банка на Република Македонија.
Основната главнина на друштвото целосно е составена од обични акции во вкупен износ од 14.577.926 ЕВРА, при што сите 259.200 акции се обични акции.

Член 15

Основната главнина на друштвото се состои од 259.200 обични акции.
Обичните акции гласат во ЕВРА, но во Република Северна Македонија на пазарот се продаваат и купуваат во денари.
Основната главнина се валоризира во согласност со прописите.

Член 16

Номиналната вредност на една акција изнесува 56,242 ЕВРА.

Друштвото може, со измена на статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

Друштвото може, со измена на статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

Член 17

Акциите од втората и наредните емисии можат да се уплатуваат во пари, а може и во предмети и права изразени во паричен износ, со тоа што мора да бидат без товар и да му овозможуваат на друштвото со нив слободно и трајно да располага од моментот на нивното запишување.

Акционерите немаат право на поврат на средствата што ги уплатиле на име купување на акции.

Член 18

Друштвото издава обични акции, може да издава и други акции со различни права.

Акциите што даваат исти права сочинуваат ист род акции. Според правата, акциите може да бидат обични и приоритетни.

Приоритетните акции може да бидат од повеќе класи и не можат да бидат издадени со понизок номинален износ, од номиналниот износ на обичните акции. Приоритетните акции од иста класа даваат исти права.

За издавање на акции за коишто се врзани посебни права (приоритетни акции) друштвото може да бара и посебни еднократни парични доплати и тоа при издавањето на акциите.

Член 19

Обичните акции им даваат на нивните сопственици:

1. право на глас во собранието на друштвото,
2. право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3. право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

Приоритетните акции, кога имаат право на глас, покрај правата од ставот 1 од овој член даваат други повластени права согласно статутот. Приоритетните акции кои не даваат право на глас го стекнуваат ова право кога тоа со статутот е определено.

Член 20

Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни.

Кумулативната приоритетна акција на сопственикот му дава право на наплата на акумулираните ненаплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.

Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената фиксна дивиденда и право на исплата на дивиденда која што и припаѓа на сопствениците на обичните акции.

Член 21

Друштвото може, до износот на основната главнина, да издава конвертибилни обврзници кои што на доверителите им даваат право да ги заменат за акции, право

на првенствено купување на акции како и за други обврзници. Обврзниците може да се издаваат во износ поголем од основната главнина само ако издавањето на истите е целосно обезбедено со имот на друштвото или на друг начин.
Обврзниците се откупуваат со готови пари.
Друштвото може, во согласност со закон, да склучува опциски договори за купување и за продажба на акции и на обврзници и фјучерс договори на начин и под услови утврдени со овој статут.

Член 22

Одлука за издавање на акции донесува собранието на друштвото со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

Член 23

Акциите се запишуваат во книга на акции во друштвото (Акционерска книга) која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма, со означување на името и презимето на акционерот, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство и место на живеење, а за фирмата, називот, седиштето и МБС и др.".

Член 24

Спрема друштвото, за акционер се смета секое лице запишано во Акционерската книга на начин определен со законот.

Член 25

Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп и во постапка за пропорционално стекнување сопствени акции од акционерите и на друг начин под услови предвидени со закон.

Член 26

Правата од стекнатите сопствени акции на друштвото мируваат.

V ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО, НАЧИН, ИЗБОР И НАДЛЕЖНОСТ

Член 27

Управувањето на друштвото е организирано според двостепен систем.
Друштвото има управен одбор и Надзорен одбор.

1. **Управен одбор**

Член 28

Управниот одбор има 5 члена.
За членови на Управниот одбор можат да бидат именувани само физички лица кои се деловно способни.
Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од 6 години, со право повторно да бидат именувани, без разлика на претходните мандати.
Ниедно лице во исто време неможе да биде член на Управниот одбор и член на Надзорниот одбор.
Со изборот за член во Управниот одбор, на лицето кое било во работен однос пред изборот, правата и обврските од работниот однос утврдени со договор за работа му мируваат во друштвото. Мирувањето започнува од денот на изборот на лицето за

член во Управниот одбор.

Член 29

Членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор. Со одлуката за избор на членовите на Управниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор се именува за претседател на Управниот одбор кој го носи називот Генерален директор.
Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот на Управниот одбор во кое било време и да именува нов Претседател.
Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку кои што Управниот одбор работи и одлучува.
Ако Претседателот на Управниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор именуван од Надзорниот одбор.
Член на Управниот одбор не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно член на управен одбор во други акционерски друштва во Република Македонија, освен во банки, друштво за осигурување и др. определено со закон.

Член 30

Членовите на Управниот одбор имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права согласно законот.
Собранието на друштвото може со одлука да им одобри и учество по добивката за нивната работа како членови во Управниот одбор, согласно законот.
Правата на членовите на Управниот одбор од претходните ставови на овој член се уредуваат со договор, соодветно на видот и обемот на доверените задачи, работно правен статус и на нивниот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото согласно законот.
Договорот од името на друштвото со членовите на Управниот одбор го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор.

Член 31

Управниот одбор управува со друштвото и, во тие рамки, го води работењето на друштвото под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на овластувањата кои што изрично му се дадени на собранието и на Надзорниот одбор.
Управниот одбор при подготвувањето и спроведувањето на Одлуките на собранието особено е должен:
1. На барање на Собранието да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на Собранието;
2. да ги подготви договорите коишто можат да се склучат само со согласност на Собранието;
3. да ги извршува одлуките коишто Собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност и
4. да врши и други работи коишто со закон ги има спрема Собранието.

Управниот одбор заради извршување на овластувањата од ставот 1 на овој член, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното работење на друштвото

во согласност со одлуките, насоките и налозите на управниот одбор.

Член 32

Управниот одбор, со претходно одобрение на Надзорниот одбор одлучува за:
1. Затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
2. Намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
3. Суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
4. Воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;
5. Основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната гласнина на друштвото;
6. Основање и престанување на подружници на друштвото;

Член 33

Во односите со трети лица друштвото го застапува Претседателот на Управниот одбор.
Управниот одбор поднесува пријава за упис во Трговскиот регистар на членот овластен за застапување на друштвото.
Пријавата ја потпишува Претседателот на Управниот одбор врз основа на писмено овластување од останатите членови на Управниот одбор.

Член 34

Членовите на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци му поднесуваат на Надзорниот одбор пишан извештај за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.
На барање на надзорниот одбор, членовите на Управниот одбор составуваат посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.
Надзорниот одбор може сам или преку други лица да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на членовите на управниот одбор.

Член 35

Управниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.
Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот од претходниот став на овој член.
Гласот на Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство на Претседавачот кој е овластен од Претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.
Управниот одбор може да одлучува без одржување на состанок ако сите членови на Управниот одбор дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување на состанок.
Одлуките на Управниот одбор влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со закон поинаку не е определено.

Член 36

За работата на состанокот на Управниот одбор, без разлика како е одржан состанокот, се подготвува записник.

Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот.
Записникот го потпишуваат сите членови на Управниот одбор, односно кои биле присутни на состанокот.
Записникот го потпишува и Претседателот на Управниот одбор, односно член кој по овластување на Претседателот претседавал на состанокот.

Член 37

Ако членовите на Управниот одбор ги повредат своите обврски, му одговараат на Друштвото за причинетата штета како солидарни должници, ако не работеле и постапувале со внимание на уреден и совесен трговец. Не се смета за одговорен член на управниот одбор кој работел врз основа на одлука на собранието, и покрај тоа што укажал дека е спротивно на закон, како и член на Управниот одбор кој се спротивставил на донесувањето на одлуката и го издвоил своето мислење во записник на состанокот на Управниот одбор и гласал "против" одлуката.
Членовите на Управниот одбор особено ќе се сметат за одговорни за штета во случај утврдени во законот за трговски друштва член 362.

Член 38

Член на Управниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со закон и овој статут да ги врши во интерес на друштвото и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец, и не може да ги пренесе своите овластувања и на друг член на Управниот одбор.
Членовите на Управниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи.
Обврската од претходниот став на овој член трае и по престанувањето на мандатот од Управниот одбор, согласно обврските превземени во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и членот на управниот одбор - до 3 години по престанување на мандатот. .

Член 39

Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение да ги отповика сите членови на управниот одбор, односно негов член. Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на управниот одбор, односно нов член наместо на отповиканите членови, односно отповиканиот член. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето.
Член на управниот одбор може да поднесе оставка во било кое време со поднесување писмено известување до надзорниот одбор.
Известувањето за оставка се заверува кај нотар.
Врз основа на известувањето за оставката, се поднесува пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар на членот на управниот одбор.

2. Надзорен одбор

Член 40

Надзорниот одбор брои 5 (пет) члена. Еден од членовите на надзорниот одбор е независен член.
За член на Надзорниот одбор се избираат физички лица кои се деловно способни.
За член на надзорниот одбор може да биде избрано и правно лице кое веднаш по изборот назначува псотојан застапник со исти права, обврски и одговорности, како и другите членови на надзорниот одбор.
За член на Надзорниот одбор не може да биде избрано лице против кое е изречено

мерка на безбедност, забрана за вршење дејност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на друштвото додека трае таа забрана.
Членовите на надзорниот одбор ги избира собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието.
Изборот на членовите на надзорниот одбор се врши со јавно гласање.

Член 41

Пред да се пристапи кон избор на член на надзорен одбор, за секој кандидат се објавуваат во писмена форма податоци согласно Законот.
Податоците од став еден на овој член се доставуваат на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор.
Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот надзорен одбор, односно член, ја поднесува лицето определено со одлуката на собранието.
Надзорниот одбор се избира за период од 6 години.
Член на надзорен одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори, како неизвршен член, како ни повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва во Македонија.
Собранието може да ги отповика сите членови на надзорниот одбор, односно негов член и пред истекот на времето за кое што биле избрани. Одлуката за отповикување се донесува со јавно гласање со мнозинство на гласови, со право на глас претставени во собранието.
Ако собранието донело одлука за отповикување на сите членови на надзорниот одбор, односно на нивен член, на истата седница избира нови членови, односно нов член ако собранието пак одлучи така и ако на собранието на акционерите во писмена форма, им се достават податоци за кандидатите кои што треба да бидат избрани.

Член 42

Ако одделни членови на Надзорниот одбор престанат да ги вршат своите функции, или ако се спречени да ги вршат, другите членови на надзорниот одбор продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.
Ако бројот на членовите на Надзорниот одбор се намали под четири, но не повеќе од три члена, Надзорниот одбор може во рок од 90 дена кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на Надзорниот одбор до наредното собрание.
Ако бројот на членовите при Надзорниот одбор се намали под три, преостанатите членови на Надзорниот одбор мораат во рок од три дена да свикаат собрание за да се пополни составот на Надзорниот одбор.
Член на надзорен одбор може да поднесе оставка во било кое време со поднесување писмено известување до собранието.
Потписот на оставката се заверува кај нотар.

Член 43

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор.
Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стоката.
На Надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото.
Надзорниот одбор го застапува друштвото спрема членовите на Управниот одбор.

Член 44

Надзорниот одбор одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, при што еден од нив бара задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

Покрај обврската од став два на овој член, надзорниот одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува претседателот на надзорниот одбор, или што се свикани по писмено барање на некои од членовите на овој орган и други лица согласно Законот.

Член 45

Надзорниот одбор може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство на гласови од кворумот определен во став 1 на овој член.

Членовите на Надзорниот одбор може да учествуваат и да одлучуваат на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема.

Гласот на Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Надзорниот одбор може да одлучува без одржување на состанок ако сите членови на Надзорниот одбор дадат согласност за одлуката која се донесува без одржуување на состанок.

Одлуките на Надзорниот одбор влегуваат во сила со денот на нивното донесување, освен ако поинаку не е определено со закон.

Член 46

Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на членовите на надзорниот одбор. Членовите на надзорниот одбор имаат право и на надомест за сите други трошоци (патни и др. трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција.

Член 47

Членот на надзорниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со закон и со статутот да ги врши во интерес на друштвото и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец, и не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на надзорниот одбор.

Членовите на надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци, што на кој било начин се однесуваат на работата на друштвото, ако ги добиле како доверливи.

Обврската од претходниот став на овој член трае и по престанувањето на мандатот во Надзорниот одбор, во согласност со обврските превземени во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и членот на надзорниот одбор.

Член 48

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во кое што друштвото е странка во кое што член на управниот одбор, односно надзорниот одбор има

интерес, дури и на посреден начин мора да се постапи според членовите 457, 469 и 460 од законот за трговски друштва.
Секој член на управниот одбор, односно надзорниот одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.

3. Собрание на друштвото

Член 49

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со закон поинаку не е определено.
На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако по закон поинаку не е определено.
Членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

Член 50

Собранието одлучува само за прашања изричито определени со закон и со овој статут, а особено за:
1. измена на статутот;
2. одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3. избор и отповикување на членовите на надзорниот одбор;
4. одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор;
5. промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6. зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
7. издавање на акции и други хартии од вредност;
8. назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
9. преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото, и
10. Престанување на друштвото

Ако Собранието одлучува за измена на податок што во согласност со член 298 од Законот за трговски друштва се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.
Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се во надлежност на управниот одбор, освен ако со закон поинаку не е определено.

Член 51

Годишното собрание го свикува Управниот одбор најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или четиринаесет месеци од одржувањето на последното годишно собрание.
На Годишното собрание:
1. се разгледуваат и усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
2. се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и

3. се одобрува работата на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор.

Ако Годишното собрание Управниот одбор не го свика на време, собранието без одлагање го свикува Надзорниот одбор.
Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор.
Ако Годишното собрание не ја одобри работата на овие органи или на нивни членови им престанува мандатот.
Во случајот од претходниот став на овој член Годишното собрание пристапува кон избор на сите членови на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор или кон избор на нов член на местото на оној на којшто Собранието не му ја одобрило работатата.
Изборот во смисол на претходниот став се врши на продолжена седница на Собранието што се одржува во рок не пократок од 8 дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на Годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.
Одлуката за отповикување во смисла на претходните ставови влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 52

Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да свика собранието.
Управниот одбор, односно Надзорниот одбор, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива, или по барање на акционер донесуваат одлука за свикување на собрание.
Барање за свикување на собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од своите акции со право на глас.
Барањето што го поднесуваат по писмен пат за свикување на собрание мора да ги наведат целта и причините за свикување на собранието и да се идентификуваат на барањето. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност со бројот на акциите, со право на глас кои што ги поседуваат во друштвото.
Барањето се доставува до управниот одбор, а по истото се постапува и на начин и во постапка предвидена со закон.

Член 53

Собранието се свикува со објавување на јавен повик до акционерите на половина страница во најмалку во еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија, на насловната страна од официјалната интернет страница на Друштвото и на интернет страницата на берзата.
Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржувањето на собранието, не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.
Јавниот повик за свикување собрание ги содржи следните податоци:
1. фирми и седиште на друштвото;
2. место и датум на одржување на собранието;
3. другите процедурални формалности, пропишани со статутот, што се означени за присуство на собранието и за начинот на гласањето;
4. дневниот ред според кој ќе работи собранието и
5. начинот на кој што се достапни материјалите што се подготвени за собранието кој

што е свикан.
Други податоци во јавниот повик што се означени за остварување на правата на акционерите во врска со свикувањето и одржувањето на собранието согласно статутот.
Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите на денот на објавувањето на јавниот повик.

Член 54

Седниците на собранието на друштвото, по правило се одржуваат во седиштето на друштвото, а можат да се одржуваат и во друго место.
За местото на одржувањето на седниците на собранието одлучуваат членовите на управниот одбор.

Член 55

Собранието може да одлучува само за прашања кои што се уредно ставени на дневен ред.
Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања кои што не се уредно ставени на дневен ред.
Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собранието кое што веќе е свикано. Барањето се испраќа до свикувачот на собранието и тоа во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието. По барањето се одлучува на начин и во постапка предвидена со закон.

Член 56

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.
Секој акционер може да овласти полномошник на собрание со давање полномошно во писмена форма без обврска полномошното да биде заверено на нотар.
Акционерите можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин, како и за откажување на полномошното на електронски начин.
За полномошник не може да биде определен член на орган на управување, член на надзорен одбор и негово потесно семејство, раководно лице и други лица утврдени со закон.

Член 57

За пријавените акционери на собранието се подготвува список од управниот одбор, кој список на пријавени акционери се споредува според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.
Пред почетокот на одржув ање на собранието списокот го опишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничар. По заверката на списокот претседавачот со осбранието го констатира кворумот за работа.

Член 58

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со

право на глас.
Ако на собранието не се обезбеди кворумот од став 1 на овој член собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржување на собранието кое што немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажжано собрание) кое што и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува во дневен весник.
На презакажаното собрание се пристапува кон потпишување на списокот кој присутен го верификува своето присуство. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот на собранието и записничарот, врз основа на кој заверен список, претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа на собранието.
На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутни акционери и бројот на акциите кои ги има. На презакажаното собрание неможе да се одлучува за прашањата за кои што, според закон се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот.

Член 59

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со закон или со овој статут не е определено поголемо мнозинство".

Член 60

Начинот на гласањето во собранието е јавно.
По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.
Тајното гласање го спроведува комисија избрана со одлука на собранието од 3 члена од редот на акционерите. Во комисијата неможе да се избере акционер, односно друго лице кое е член на управниот одбор, односно надзорниот одбор, ниту претседавачот со собранието.
Комисијата за тајно гласање работи на начин и во постапка предвидена со закон.

Член 61

Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

Член 62

Со седницата на собранието претседава претседавач. Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.
Претседавачот во собранието се избира за секое одделно собрание, а мандатот му трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое што треба да биде одржано.
За претседавач на собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува, а не може да биде избран член на управниот одбор, или член на надзорниот одор.

Член 63

Ако дојде до прекин на седницата на собранието што започнало со работа, присутните акционери на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место кое што се определува со мнозинство гласови од кворумот

за работа на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство (продолжување на прекинатата седница на собранието). Одложувањето не може да биде подолго од 8 дена од денот на прекинот.
Претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието, во случај ако присутните акционери на собранието не донеле одлука во смисол на став 1 од овој член.
Продолжувањето на прекинатата седница на собранието се одвива во постапка и на начин предвидено со закон.

Член 64

За работата на собранието се води записник кој што содржи податоци за:
1. фирмата и седиште на друштвото;
2. датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;
3. името на претседавачот на собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се изберат;
4. дневен ред на собранието;
5. бројот на присутните акционери, односно полномошници на акционери и кворум за работа;
6. расправата водена на собранието;
7. значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;
8. одлуките, бројот на гласови "ЗА" и "ПРОТИВ" и бројот на воздржаните гласови;
9. оградувањата, односно противењата на акционер, член на управен одбор, односно надзорен одбор, против некоја одлука, ако е изјавено оградување, односно противење;

На собранието се избира записничар и двајца заверувачи на записникот од присутните акционери, кои неможат да бидат од членовите на управниот одбор и надзорниот одбор, ниту претседавачот со собранието.
Записникот се подготвува најдоцна во рок од 8 дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат претседавачот на собранието и записничарот, а го заверуваат заверувачи на записникот.
Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од 3 дена од денот на одржување на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието.
Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку 10 години.

VI УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 65

Основен акт на друштвото е статутот.
Друштвото донесува и други акти. Согласно Законот и овој статут.
Собранието и управниот одбор донесуваат деловници со кои го уредуваат начинот на своето работење.

Член 66

Секоја одредба од статутот или од друг акт на друштвото што е спротивна на одредбите на законот за трговски друштва е ништовна.
Ако некоја одредба од друг акт на друштвото не е во согласност со статутот, се применуваат одредбите од статутот.

VII ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 67

Друштвото согласно Законот за трговски друуштва и принципите на правилно водено сметководство, води трговски книги на начин што ги прави видливи сите превземени трговски правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите.

Член 68

Друштвото согласно законот составува прецизен попис на целиот свој имот во кој одделно се прикажуваат недвижностите, опремата, нематеријалните средства, паричните средства и еквивалентите на паричните средства и сите други тековни средства со наведување на вредноста на секој дел од имотот.

Состојбата на материјалните средства во сметководството се усогласува најмалку еднаш годишно со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31. декември.
Пописот се врши секоја деловна година која што трае една календарска година.

Член 69

Друштвото ги чува годишните сметки, финансиските извештаи и документите за пресметка на плати, трајно.
Трговските книги се чуваат најмалку 10 години од истекот на годината за која што се однесуваат.
Сметководствените документи се чуваат најмалку пет години од истекот на годината во која што се искористени за составување на трговските книги.

Член 70

Друштвото по истекот на деловната година, составува годишна сметка и финансиски извештаи.
Под деловна година се подразбира календарска година.
Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените на главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди од членот 469, став 2 на Законот за трговски друштва.
Годишната сметка и финансиските извештаи ги потпишува раководното лице именувано од страна на управниот одбор, а во колку нема такво именувано, претседателот на управниот одбор.

Член 71

Собранието одлучува за распоредување на добивката. Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката.
Собранието одлучуува за покривање на загубата во одлуката за покривање на загубата се наведуваат изводите за нејзиното покривање.

Член 72

Друштвото има задолжително општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и се издвојува како процент кој не може да биде помал од 15% од добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој што е еднаков на една петина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.
Задолжителната општа резерва (општ резервен фонд) може да се користи за намени согласно законтот за трговски друштва.

Член 73

По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба собранието може да донесе одлука и да го определи делот кој што се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава родот и класата на акциите на начин и условите предвидени согласно законот за трговски друштва и овој статут.

VIII ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕТО ШТО ГИ ВРШИ ДРУШТВОТО"

Член 74

Управниот одбор е должен во еден дневен весник во Македонија или на веп страницата на друштвото да ги утврди и објави податоците и извештаите, значајни за друштвото, согласно законот за трговски друштва и овој статут.

Член 75

На акционерите им се обезбедува право на увид на актите и другите документи на друштвото согласно Законот за трговски друштва, во вообичаеното работно време, врз основа на писмена најава за видот на увидот.

Акционерот не може да ги објавува или презентира информациите, освен во случаи децидно утврдени со Законот за трговски друштва.

IX ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА"

Член 76

Зголемувањето на основната главнина на друштвото може да се врши:

1. со влогови;
2. со условно зголемување на основната главнина;
3. со одобрен капитал и
4. од средствата на друштвото.

Одлуката за зголемувањето на основната главнина на друштвото ја донесува собранието и има карактер на одлука за измена на статутот, освен одлуката за зголемување на основната главнина што органот на управувањето ја донел според одредбата на овој статут за одобрен капитал.

Одлуката за зголемувањето на основната главнина се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени во Собранието.

Постапката за распределбата, начинот на запишувањето и уплатата на акциите се спроведува на начин и под услови предвидени со Законот за трговски друштва како и согласно Законот за хартии од вредност и неговите релевантни подзаконски акти.

Член 77

Основната главнина на друштвото може да биде намалена со:

1. Намалување на номиналниот износ на еден или повеќе родови и класи акции;
2. Спојување на еден или на повеќе родови на акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од едно евро и
3. Повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен за основната главнина со Законот за трговски друштва.

Постапката за намалувањето на основната главнина се спроведува на начин и под услови предвидени со Законот за трговски друштва.

X ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Член 78

Врз основа на акт донесен од управниот одбор се утврдуваат организационите делови на друштвото (сектори и одделенија).

Со организационите делови (сектори) раководат директори на сектори, со посебни овластувања и одговорности кои ги именува и разрешува управниот одбор.

Член 79

Правата и обврските од работниот однос за на лицата став 2 од претходниот член кои пред изборот биле во работен однос во друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице.

Раководните лица ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за уредување на односот склучен со управниот одбор и раководното лице, а согласно Законот за трговски друштва.

XI ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО

Член 80

Друштвото може да формира друштво кое ќе биде под негова контрола.

Одлука за основање на ново друштво донесува управниот одбор, а по претходно одобрение на надзорниот одбор.

Пред донесувањето на одлуката за основање на ново друштво се изготвува елаборат за економската оправданост.

XII ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 81

Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

Постапката за измена на статутот можат да покренат управниот одбор, надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон за трговски друштва, и до надзорниот одбор.

Предлогот на одлуката за измена на статутот, без разлика кој ја дал иницијативата, го утврдува управниот одбор, а кога за тоа е овластен со законот за трговски друштва, и надзорниот одбор.

Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде образложен.

Член 82

Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.

Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени во собранието.

Со одлуката за измена на статутот, собранието го овластува надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот во кој што се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статутот утврдени со Законот за трговски друштва.

Член 83

Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот.

Претседателот на Управниот одбор примерок од пречистениот текст на статутот доставува до Судот кај што се води трговскиот регистар.

XIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 84

Еден оригинален примерок од статутот во пречистен текст потпишан од претседателот на надзорниот одбор и одлуката за измена на статутот потпишана од претседавачот на собранието се чуваат трајно во архивата на друштвото, а по еден примерок во оригинал се приложени кон пријавата за упис во трговскиот регистар.

Надзорен одбор
Претседател,

Антонио Георгиевски

